# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
# Бр.7/2018

Март – 2018 година
,,Совет на Општина Шуто Оризари,,
,,Konsili ki Komuna Suto Orizari • Këshili i Komunës Shuto Orizare,,
,,Република Македонија • Republika Makedonija • Republika e Maqedonia,,

# СОДРЖИНА

1. Оддлука за усвојување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2017 година.

2. Одлука за отпочнување постапка за одбележување на 8–ми АПРИЛ меѓународниот ден на Ромите - 2018 година во Општина Шуто Оризари – Скопје

3. Решение за прогласување на Одлука за усвојување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2017 година.

4. Решение за прогласување на Одлука за отпочнување постапка за одбележување на 8–ми АПРИЛ меѓународниот ден на Ромите -2018 година во Општина Шуто Оризари – Скопје

5. Општи и посебни цели и критериуми за оценување на доставените проектни апликации на Конкурсот за финансирање на програми и проекти од обласга на културата на Општина Шуто Оризари за 2018 година

6. Конкурс за финансирање на програма за одбележување на 8-ми АПРИЛ Меѓународниот ден на ромите во Општина Шуто Оризари за 2018 година

7. Јавна објава

Бр. NO, Num 09- 341 /3
08.03.2018 год/ bers/ vita
CKOPJE/ SKOPJE/ SHKUP

Врз основа на член 36, став 1 точка 7 и 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02), член 36, став 1, точка 2 и 15 од Статутот на општина Шуто Оризари (,,Службен гласник на општина Шуто Оризари'' бр.1/97), Советот на општина Шуто Оризари на својата 6 (шестата) седница, одржана на 08.03.2018 год, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Завршната сметка на буџетот на Општина Шуто Оризари за 2017 година**

Член 1

Се усвојува Завршната сметка на буџетот на Општина Шуто Оризари за 2017 година.

Член2

Составен дел на ова Одлука е Завршната сметка на буџетот на Општина Шуто Оризари за 2017 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Шуто Оризари''.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
с.р.Фатима Османовска

**Br./No./Num. 08- 341/6**
**08.03.2018 god./bers/viti**
**SKOPJE – SKOPJE- SHKUP**

Vrz osnova na ~len 22 став 1 точка 5 и член 36 od Zakonot за локална самоуправа („Slu`ben vesnik na Republika Makedonija br.05/02„), член 1 од Одлуката за усвојување на начинот и постапката за доделување на средства на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот и културата на територијата на Општина Шуто Оризари бр.08-60/17 од 29.01.2018 година („Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.4/2018„), и одредбите од Правилникот за начинот и постапката за доделување на средства на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот и културата на територијата на Општина Шуто Оризари бр.08-60/17 од 29.01.2018 година („Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.4/2018„), Sovetot na op{tina [uto Orizari ,na 6(шестата) sednicata на Советот на Општина Шуто Оризари odr`ana na 08.03.2018 година donese:

# O D L U K A

за отпочнување постапка за одбележување на 8-ми АПРИЛ меѓународниот ден на Ромите – 2018 година во Општина Шуто Оризари - Скопје

член 1

Да се отпочне постапка за одбележување на 8-ми АПРИЛ меѓународниот ден на Ромите – 2018 година во Општина Шуто Оризари - Скопје.

член 2

За реализација на оваа одлука, се задолжува Градоначалникот на Општина Шуто Оризари да постапи согласно член 1 од Одлуката за усвојување на начинот и постапката за доделување на средства на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот и културата на територијата на Општина Шуто Оризари бр.08-60/17 од 29.01.2018 година („Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.4/2018„), и одредбите од Правилникот за начинот и постапката за доделување на средства на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот и културата на територијата на Општина Шуто Оризари бр.08-60/17 од 29.01.2018 година („Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.4/2018„).

член 3

Оваа odluka vleguva vo sila so denot na objavuvaweto vo Slu`ben glasnik na op{tina [uto Orizari .

Pretsedatel na

Sovetot na Op{tina [uto Orizari

с.р.Фатима Османовска

Бр. NO, Num 08 - 341 /10
08.03.2018 год / bers / vita
СКОПЈЕ / SKOPJE / SHKUP

Врз основа на член 7 од Законот за културата (,,Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18,,), член 22 став 1 точка 5 и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М. бр.5/2002,,), член 1 од Одлуката за усвојување на Програма ,,К,, бр.08-1261/18 од 22.12.2017 година, точка 4 од Програмата К40, (,,Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр. 3/2017,,), а во врска со член 1 од Одлуката за усвојување на начинот и постапката за доделување на средства на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот и културата на територијата на Општина Шуто Оризари бр.08-60/17 од 29.01.2018 година (,,Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.4/2018,,), и одредбите од Правилникот за начинот и постапката за доделување на средства на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот и културата на територијата на Општина Шуто Оризари бр.08-60/17 од 29.01.2018 година (,,Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.4/2018,,) на ден 08. 03.2018 година:

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

донесе

*Општи и посебни цели и критериуми за оценување на доставените проектни апликации на Конкурсот за финансирање на програми и проекти од областа на културата на Општина Шуто Оризари за 2018 година*

**I**

**Општи одредби**

Законот за култура и Законот за локална самоуправа Општина Шуто Оризари согласно со програма К40 (Програма за култура, културни манифестации и творештво во Општина Шуто Оризари за 2018 година), финансира и подржува проекти од областа на културата од интерес на Општина Шуто Оризари. На конкурсот, имаат право на учество: уметници, самостојни уметници (регистрирани како трговец – поединец) , други установи од областа на културата, продуцентски и издавачки куќи, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија.

Целите зададени во конкурсот, критериумите и приоритетите се базираат на стратешките цели и приоритети за развој на културата на Општина Шуто Оризари.

За да се утврди дека доставените апликации со програми и проекти се од интерес на Општина Шуто Оризари од областа на културата, треба да исполнуваат најмалку еден од општите и најмалку еден од посебните цели на конкурсот.

**II**

**Општи цели кои важат за сите области наведени во конкурсот:**

- Развој и унапредување на дејноста и работата на установите од обласа на културата во Општина Шуто Оризари;
- Чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство на Општина Шуто Оризари;
- Потикнување и афирмирање на културните рзноликости на припаниците на етничките заедници во Општина Шуто Оризари;
- Достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
- Иновативност, впчетливост и оригиналност на идејата;
- Континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за Општина Шуто Оризари;
- Презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- Стимулирање на новите медиуми и истражувања во кулурата;
- Афирмирање подршка на млади уметници и автори ( до 35 години ), креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литература ( книга/стрип албум/графичка новела );
- Развивање на професионалната независна културна сцена;
- Развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, уметноста на новите медиуми и летературната книга/сприп алубум/графичка новела;
- Подршка и развивање на традиционалните кутурни вреднсти;
- Воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни културни установи на Општина Шуто Оризари, образовни институции и други организации;
- Одбележување јубилејни настани и значајни датуми;
- Проекти чија цел е развивање и промовирање на областите на културните и креативните индустрии;
- Организарање на меѓународни фестивали што се одржуваат во Општина Шуто Оризари;
- Стимулирање и подршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- Поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати
- Изведба на едукативни работилници за деца и млади, како и за наставничкиот кадар од основните и средните училишта, со цел потикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите

**III**

**Посебни цели за областите наведени во конкурсот**

1) Посебни цели од областа на музејската дејност и промоција на културно наследство:
- збогатување на музејскиот фонд преку откуп на добра кои поседуваат вредности и значења на културно наследство, како и добра кои се раритетни и со кои се

пополнуваат одредени празнини во соодветнините збирки или фондови во културните установи на Општина Шуто Оризари;
- презентација, популаризација и промоција на културното и историско наследство на Општина Шуто Оризари;
- користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот;
-одбележување на 8-ми Април, меѓународен ден на Ромите,
- организирање на кампањи, работилници и предавања за промоција и значењето на културното наследство на територијата на Општина Шуто Оризари.

2) Посебни цели од областа на издавачката и библиотечбната дејност:

- Издавање на книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од животот и историјата на Општина Шуто Оризари;
- Подршка на книжевно творештво со високи вредности од авторите кои творат на македонски јазик и на јазиците на заедниците во Општина Шуто Оризари;
- Дела со исклучителна култура вредност, монографии, стручни публикации, како и дела што се резултат на истражувачи проекти за Општина Шуто Оризари;
- Издаваштво наменето за деца и млади;
- Збогатување на библиотечниот фонд преку откупи на публикации и книги кои поседуваат значајни вредности и со кои се пополнуваат одредени празнини во соодветните збирки или фондови во културните установи на Општина Шуто Оризари.

3) Посебни цели од областа на ликовната дејност и уметноста на новите медиуми:

- Ретроспективно-монографски изложби од особено значење за Општината Шуто Оризари кои одразуваат континуитет во уметничкото дејствување во Шуто Оризари и кои се потврдени од ликовната критика и историјата на уметноста;
- Самостојни, групни, и други проекти од земјава и од странство кои ги промовираат современите уметнички форми и изрази и придонесуваат за развој на современиот ликовен јазик во Општина Шуто Оризари;
- Промоција и развој на современата урбана уметност со акцент на користење на јавните градски површини како и други алтернативни простори за презентацијана уметничките дела во Општина Шуто Оризари;
- Изложбени проекти од областа на креативните исдустрии.
- Изложби и проекти на млади ликовни уметници (до 35 години).

4) Посебни цели од областа на изведбени уметности:

- негување и презентација на националното драмско и музичко-сценско творештво од различни уметнички стилови и жанрови со застапеност на традиционални и современи автори;
- презентација на врвни уметнички дела од светската драматургија во Шуто Оризари како и дела од областа на музичко-сценските уметности,
- поттикнување на драмски аматеризам во средини и населби во Општина Шуто Оризари каде што не постои професионална продукција;
- работилници со млади како и со лица со посебни потреби од областа на драмските и музичко-сценските уметности;

- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеаат во Општина Шуто Оризари;
- финансирање на патни трошоци на културно-уметничките друштва од Општина Шуто Оризари на фестували и манифестации кои се оддржуваат во градови од други држави со кои Општина Шуто Оризари има воспоставено соработка, а врз основа на доставена покана од организаторот на манифестацијата.

5) Посебни цели од областа на музичките уметности:
- промоција и изведба на музички дела и творештво со стилска и жанровска разновидност;
- поттикнување и изведба на нови музички форми и изрази;
- стимулирање на македонското музичко творештво и музичкото творештво на заедниците кои живеаат во Општина Шуто Оризари со висока уметничка вредност;
- поддржка на коцерти на млади музичари – изведувачи и композитори.

6) Посебни цели од областа на меѓународната соработка:
- соработка и учество на меѓународните манифестации, фестивали и во проекти врз основа на реципроцитет, за кои треба да се достави покана од организаторот
- програми и проекти од областа на културата што ќе се одвиваат на подрачјето на Општина Шуто Оризари, а кои што имаат обезбедено финансиска поддршка ( грант ) од фондовите на Европската Комисија, УНЕСКО и/или други меѓународни фондови;
- соработка и реализирање на заеднички проекти со организации, установи и поединци од:
А) збратимените градови со Општина Шуто Оризари,
Б) градови со кои е востоставен протокол или програма за соработка и
В) градови што соработуваат со Општина Шуто Оризари.

**V**

**Изборот на програмите и проектите ќе се врши врз основа на критериуми изразени во бодови и тоа за:**

**1.Професионално делување во културата**

| **Критериуми за професионално делување во културата** | Бодови |
|---|---|
| **1.Структурата и ресурси на организацијата** | **25** |
| 1.1 Искуство на апликантот во спроведување и реализирање на проекти и активности од областа на културата | 10 |
| 1.2 Стручност на лицата кои учествуваат во спроведување на проектот и активноста | 10 |
| 1.3 Поседување на интернет страна на организацијата | 5 |
| 2.**Буџет на проектот :** | **25** |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/проектот | **10** |
| 2.2 Оправданост на трошоците во предложениот финански план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции и колку тие соодвествуваат со пазарните цени). | **10** |

| | |
|---|---|
| 2.3 Обезбедени дополнителни средства од сопствените или други извори. | **5** |
| **3.Квалитет на програмата/проектот:** | **50** |
| 3.1 Детално разработени програмски активности од програмата/проектот и уредно пополнета пријава согласно правилата на Конкурсот. | **10** |
| 3.2 Придонес на програмата/проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на културата на ниво на Општина Шуто Оризари | **20** |
| 3.3 Понудени квалуитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели кои содржат иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата. | **10** |
| 3.4 Обезбедена институционална поддршка (покана од фестивали, писмо на поддршка од одруга културна установа или надлешен орган, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализацијата на програмата/проектот) | **10** |
| **Вкупно бодови:** | **100** |

## 2. Младинско делување во културата

| Критериуми за младинско делување во културата | **Бодови** |
|---|---|
| **1.1 Квалитет на апликантот** | **20** |
| 1.1 Искуство на апликантот во реализирање на програми, проекти и активностите од областа на младинското делување во културата | **10** |
| 1.2 Листа на референции (препораки, признанија и награди, Предходни настапи на манифестации и слично ) | **10** |
| **2. Буџет на проектот** | **20** |
| 2.1 Детално разработен финански план за потребните Средства за реализација на програмата/проектот | **10** |
| 2.2 Оправданост на трошоците во предложениот финански план ( реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции и колку тие соодвествуваат со пазарните цени ). | **5** |
| 2.3 Обезбедени дополнителни средства од сопствените или други извори. | **5** |
| **3. Квалитет на програмата/проектот** | **40** |
| 3.1 Детално разработени програмски активности од програмата/проектот и уредно пополнета пријава ( апликација ) | **10** |
| 3.2 Понудени квалитетбни и иновативни решенија за реализирање на пректните цели кои содржат иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата. | **10** |
| 3.3 Придонес на програмата/проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на културата на ниво на Општина Шуто Оризари | **10** |
| 3.4 Придонес на проектот во остварување на младинско учество во културата | **10** |
| **4. Профил на учесниците** | **20** |
| 4.1 Број на директно млади во проектот ( уметници до 35 години, младинци до 30 години ) | **10** |
| 4.2 Обезбедена институционална поддршка и вклучени партнери (покана од фестивали, писмо на поддршка од друга културна установа или надлежен орган, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализацијата на програмата/проектот ) | **5** |
| 4.3. Проценет број на млади луѓе (до 30 години) на кои се однесува проектот (Предвидена публика, директни индирекни корисници) | **5** |
| **Вкупно бодови:** | **100** |

## 3. Аматерско делување во културата

| Критериуми за аматерско делување во културата | Бодови |
|---|---|
| **1. Програма/Проект:** | **25** |
| 1.1 Детално разработени програмски активности од програмата/проектот и | 20 |

| | |
|---|---|
| уредно пополнета пријава согласно правилавата на Конкурсот. | |
| 1.2 Искуство на апликантот во реализирање на програми, проекти и активности од областа на културата | 5 |
| **2.Буџет на програмата/проектот:** | **25** |
| 2.1 Детално разработен финански план за потребните средства за реализација на програмата/проектот | 10 |
| 2.2 Оправданост на трошоците во предложениот финански план ( реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции и колку тие соодвествуваат со пазарните цени ) | 10 |
| 2.3 Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори. | 5 |
| **3. Квалитет на Програмата/проектот:** | **50** |
| 3.1 Придонес на програмата/проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на културата на ниво на Општина Шуто Оризари | 20 |
| 3.2 Иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата. | 20 |
| 3.3 Оберзбедена институционална поддршка ( покана од фестивали, писмо на поддршка од друга културна установа или надлежен орган, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализацијата на програмата/проектот ) | 10 |
| **Вкупно бодови:** | **100** |

**V**

**Завршни одредби:**

Резултатите од конкурсот ќе бидат објавени во Службен гласник на Општина Шуто Оризари.

**Градоналник на**
**Општина Шуто Оризари**
**с.р. Дудуш Курто**

Бр. NO, Num 08 -341 /11
08.03.2018 год / bers / vita
СКОПЈЕ / SKOPJE / SHKUP

Врз основа на член 7 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18,,), член 22 став 1 точка 5 и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.5/2002,,), член 1 од Одлуката за усвојување на Програма ,,К,, бр.08-1261/18 од 22.12.2017 година („Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр. 3/2017,,), а во врска со член 1 од Одлуката за усвојување на начинот и постапката за доделување на средства на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од области на спортот и културата на територијата на Општина Шуто Оризари бр.08-60/17 од 29.01.2018 година („Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.4/2018,,), и одредбите од Правилникот за начинот и постапката за доделување на средства на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на спортот и културата на територијата на Општина Шуто Оризари бр.08-60/17 од 29.01.2018 година („Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.4/2018,,):

**ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

објавува

**К О Н К У Р С**

*за финансирање на програма за одбележување на 8-ми АПРИЛ Меѓународниот ден на ромите во Општина Шуто Оризари за 2018 година*

**I**

За остварување на јавните потреби во областа на културата, општина Шуто Оризари распишува Конкурс за финансирање на програма за одбележување на 8-ми АПРИЛ Меѓународниот ден на ромите во Општина Шуто Оризари за 2018 година.

Културните дејности, програми, манифестации и финансиските средства за нивна реализација се утврдуваат со годишната програма за култура и со Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2018 година.

**II**

На конкурсот имаат право да учествуваат уметниците, самостојни уметници, установи од областа на културата, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија.

**III**

Општина Шуто Оризари ќе учествува во финансирање на програми за за одбележување на 8-ми АПРИЛ Меѓународниот ден на ромите во Општина Шуто Оризари за 2018 година врз база на утврдените ,, *Цели и критериуми за избор на проекти од областа на културата од интерес на Општина Шуто Оризари "* и тоа:

1. Подршка на проекти, манифестации и активности во доменот на професионалното, аматерското и младинското делување во следните области:

1.1. Изведбени уметности

1.2. Музички уметности

1.3. Визуелни уметности и уметност на новите медиуми

1.4. Издавачка и библиотечна дејност

1.5. Музејска дејност, промоција на културното наследство и културен туризам

2. Меѓународна соработка

**IV**

Покрај наведените специфични области, поднесените пријави треба да ги задоволуваат *Целите и критериумите* кои се дадени во прилог на Конкурсот.

**V**

Во програмата за култура од интерес на Општина Шуто Оризари за 2018 година можат да бидат застапени оние програми/проекти, што врз основа на *критериумите* ќе обезбедат миниум 60 бода.

**VI**

Пријавувањето на Конкурсот се врши со доставување на пополнета пријава (апликација).

Апликантите, покрај пријавата, задолжително треба да ги достават и следните документи:

- Документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистер на Република Македонија де не е постар од 6 месеци,
- Потврда за отворена и активна жиро сметка.

Апликантите, во прилог на пријавата, треба да достават и други документи, поврзани со реализација на активноста (авторски договори со учесниците, обезбеден простор или партнерство со некоја установа/организација, покана за учество на фестивал во странски држави, обезбедени дополнителни финансии и слично)

Пријавите (апликациите) може да се подигнат во Секторот за јавни дејности-Одделение за култура на Општина Шуто Оризари, Архива на Општина Шуто Оризари или од официјалниот веб портал на Општина Шуто Оризари www.SutoOrizari.gov.mk.

**VII**

Конкурсот се објавува на 10.03.2018 и трае до 16.03.2018 година, односно 7 дена од денот на објавувањето во средствата за јавно информирање и официјалниот веб портал на Општина Шуто Оризари www.SutoOrizari.gov.mk.

Пријавите, во пишана форма и снимени на ЦД, треба да се достават до Општина Шуто Оризари, преку пошта на адреса: Поштански фах 688, или во архивата на Општина Шуто Оризари, најдоцна до 16:00 часот на последниот ден од завршувањето на Конкурсот (16.03.2018 година), со назнака **,,** *за финансирање на програма за одбележување на 8-ми АПРИЛ Меѓународниот ден на ромите во Општина Шуто Оризари за 2018 година***".**

**Напомена: Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани**.

Резултатите од Конкурсот, ќе бидат објавени во ,, Службениот гласник на Општина Шуто Оризари" и на официјалниот веб портал на Општина Шуто Оризари www.SutoOrizari.gov.mk, со објавување на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Шуто Оризари за 2018 година.

Дополнителни информации може да се добијат на следниот телефон: 02 652-580.

ГРАДОНАЧАЛНИК

на Општина Шуто Оризари

с.р. *Дудуш Курто*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа, (,,Службен весник на Р.М. бр. 05/02,,) и член 45 точка 2 од Статутот на општина Шуто Оризари (,,Службен гласник на општина Шуто Оризари бр. 01/97,,), Градоначалникот на општина Шуто Оризари на ден 08.03.2018 година донесе:

# ***Р Е Ш Е Н И Е***
## ***за прогласување на***
Одлука за усвојување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2017 година.

1. Се прогласува Одлука за усвојување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2017 година.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Шуто Оризари.

**Br./ No 09-341/7**
**08.03.2018 god./bers**
**SKOPJE – SKOPJE**

**Градоначалник на**
**општина Шуто Оризари**
**с.р.Курто Дудуш**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа, („Службен весник на Р.М. бр. 05/02,,) и член 45 точка 2 од Статутот на општина Шуто Оризари („Службен гласник на општина Шуто Оризари бр. 01/97,,), Градоначалникот на општина Шуто Оризари на ден 08.03.2018 година донесе:

***Р Е Ш Е Н И Е***

***за прогласување на***

Одлука за отпочнување постапка за одбележување на 8-ми АПРИЛ меѓународниот ден на Ромите -2018 година во Општина Шуто Оризари - Скопје

1. Се прогласува Одлука за отпочнување постапка за одбележување на 8-ми АПРИЛ меѓународниот ден на Ромите -2018 година во Општина Шуто Оризари - Скопје

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Шуто Оризари.

**Br./ No 09-341/8**
**08.03.2018 god./bers**
**SKOPJE – SKOPJE**

**Градоначалник на**
**општина Шуто Оризари**
**с.р.Курто Дудуш**

Врз основа на член 84 од Законот за општа управна постапка (,,Службен весник на Р.Македонија бр. 145/2015), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари Дудуш Курто ја изврши следнава:

ОБЈАВА ЗА ЈАВНА ДОСТАВА НА ПИСМЕНОТО

1. На учесникот Мехмед Зимбер со живеалиште во Скопје на ул,, Вашингтонска,, бр.80 се врши јавна достава на следниве акти:
   - Решенние за престанок на работен однос бр.09-218/1 од 06.02..2018 година.
2. Се повикува учесникот во рок од 8 дена сметано од последното објавување во дневниот весник ,,Нова Македонија,, да се јави во службените простории во Општина Шуто Оризари со цел да ги подигне актите цитирани во точка 1.
3. Се предупредува учесникот дека ваквиот начин на достава се смета за уредна достава и дека штетните последици кои можат да настанат поради правосилност и извршност ги сноси самиот учесник.
4. Во случај на непостапувањето по точка 2 од Јавната објава се смета дека е извршено уредна достава на актите наведени во точка 1 од оваа Јаван објава.

Градоначалник на

Општина Шуто Оризари

*Дудуш Курто*